РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕБРЦА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 03-718/1
14.04 20 22 год.
БЕЛЧИШТА

Врз основа на член 84 став 1 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" број 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16 и 119/16) и Годишната програма за организирање на јавни работи и работно ангажирање на невработени лица во општина Дебрца за 2022 година, број 01-2119/10, од 24.12.2021 година, Градоначалникот на општина Дебрца, распишува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

## За работно ангажирање на невработени лица по Годишната програма за јавни работи

**1**.Општина Дебрца има потреба од работно ангажирање на 2 општи работници и 1 работник, ракувач со моторна пила и секач на огревно дрво, за времетраење до 31.12.2022 година, за извршување на јавни работи и тоа -**Одржување на јавната инфраструктура** ( одржување-чистење на крајпатната вегетација на општинските патишта и улици, санација од помали размери на општинските патишта и улици, одржување на насипи, канали, водоводни и канализациони мрежи и други објекти од општ интерес, подобрување на условите за живеење и други работи), **Одржување и заштита за животната средина и природата** ( чистење и санација на дивите депонии, чистење и одржување на речните корита, канали, одводи, јавни површини, паркови и хортикултурно уредени локации во селата, фудбалските игралишта, монтажа и одржување на опремата во парковите и јавните детски игралишта, развој на селските подрачја и други работи),**Сеча, утовар и транспорт на огревно дрво-** кое на општина Дебрца и е донирано, согласно договор склучен со Јавно претпријатие за државни патишта.

**2**. Право да се пријават имаат долгорочно евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица, повозрасни невработени лица ( над 55 години ) и други лица од евиденција на невработени.
Невработените лица ќе бидат ангажирани согласно член 83, 84 и 85 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.
За време на ангажирањето на лицата ќе им се обезбеди финансиска поддршка, односно месечен нето паричен надоместок и тоа за општите работници во износ од **600** денари дневно, а за ракувачот со моторна пила и секач на огревно дрво во износ од **700** денари дневно, со платен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.
На корисниците на социјална помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.
Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу општината и невработените лица.

**3**.Заинтересираните кандидати потребно е да достават:
-Пријава и
-Потврда од Агенцијата за вработување дека се невработени.
**4**.Огласот трае **седум дена** од денот на објавувањето на веб страницата на општина Дебрца, www.debrca.gov.mk и огласната табла на Агенцијата за вработување на Република Македонија, Центар за вработување Охрид, односно до **21.04.2022** година.
**5**.Пријавите се поднесуваат во архивата на општина Дебрца, секој работен ден од 07.30-15.30 часот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Зоран Ногачески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА "ГРАДОНАЧАЛНИК" ДЕБРЦА

# П Р И Ј А В А

за Јавни работи 2022 година,Општина Дебрца

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни податоци** | име | | |
| | презиме | | |
| | датум на раѓање | | |
| | пол | | |
| | ЕМБГ | | |
| | адреса на живеење | | |
| | контакт телефон | | |
| | e-mail адреса | | |
| | државјанство | | |
| | националност | | |
| | број на лична карта | | |
| | | | |
| **Образование** | степен на образование | | |
| | назив на институцијата | | |
| | | | |
| **Работно искуство** | Дали имате работно искуство? | да | не |
| | Доколку имате работно искуство или пракса наведете каде сте работеле, во кој период, на кое работно место и кои биле вашите работни задачи. | | |
| | | | |
| **Целна група** | 1. Долгорочно евидентирано невработено лице<br>2. Ниско квалификувано невработено лице<br>3. Невработено лице над 55 години<br>4. Друго лице од евиденција на невработени | | |

Датум на пријавување

______________________

Потпис на кандидатот

______________________